20141384306

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 56 став 1 точка 3 а во врска со член 54 став 1 точка 8 на Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 65/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014 и 97/2014), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 18 јули 2014 година, донесе

ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ НА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ОД РАДИОДИЈАГНОСТИКА

Член 1

Во Одлуката за утврдување на референтни цени на здравствени услуги од радиодијагностика („Службен весник на Република Македонија” број 102/2007, 132/2007 и 37/2008), во членот 2 во табелата со поднаслов – „Компјутерска томографија“, услугите со шифра РД0315 и РД0324, со назив „Дополнителна серија по менување на калем и апликација на контрасни средства“ се бришат.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-12384/6
24 јули 2014 година
Скопје

Управен одбор
Заменик на претседателот,
Ангел Митевски, с.р.